интернет издание
www.dnevnik.com.mk
Дневник
QBE





Креирано со
WebBuilder



АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
АВТОСВЕТ

КУЛТУРА



ФОРМИРАН ЦЕНТАР ЗА ВИЗУЕЛНИ УМЕТНОСТИ

## Темелни проучувања на сликарство, фотографија и на компјутерска уметност

Формиран е Центар за визуелни уметности, каде што членуваат 15 историчари на уметноста, кои ги раководи професорот д-р Владимир Величковски. Цел на проучување ќе бидат: сликарство, скулптура, таписерија, графика, фотографија, дизајн, стрип, компјутерска и видеоуметност, соработка со сродни области, преводи од странска стручна литература, трибини и семинари и слично.

Центарот веројатно ќе функционира во рамките на Институтот за историја на уметност и археологија, при Филозофскиот факултет во Скопје. Формирањето на Центарот е иницирано од дипломираните студенти и постдипломците историчари на уметност.

Владимир Величковски смета дека работата на Центарот ќе почне откако ќе ги решат проблемите со простории.

- Уште немаме просторија, ниту конкретен извор на финансии. Но, нема да се откажеме од идејата - вели Величковски.

Во Центарот за визуелни уметности ќе членуваат историчари на уметноста, дипломирани студенти, магистри и доктори на науки. Треба да се обезбедат и два компјутера, што ќе бидат база на податоци. Ќе биде отворена и библиотека во која ќе има списанија и книги корисни за проучувањата.

Во рамките на Центарот ќе се формираат одделенија за современа, византиска, античка и за примитивна уметност. За секој проект ќе се формира работена тим, чиј раководител ќе врши разни истражувања.

- Основната задача ни е стручна обработка на материјалот. Од тоа треба да произлезат релевантни, научнозасновани мислења и податоци - вели Величковски.

Центарот за визуелни уметности ќе "соработува" со соодветни области - семиотика, психологија, антропологија, социологија и други. Во практичната работа ќе бидат организирани посети на уметнички ателјеа и институции - музеи и галерии во земјава и во странство.

Центарот за визуелни уметности би функционирал во рамките на Институтот за историја на уметноста и археологија, но ќе ја задржи автономијата во работата.

(В.И.)

АНТЕНА
ВИКЕНД
Со гордост - Македонија
On! net
www.On.net.mk
maksportnet.com

© 2001 Дневник, сите права задржани